РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 15-8351/3
04.11 2020 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.44/02, 58/00, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), а во врска со членовите 18 и 53 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност

1. Со ова Решение се утврдува дека приватната научна установа **„Институт за научни истражувања Алгоритам "** со седиште во Скопје на ул. Даме Груев бр.16 БЦ Пало/Бјанка-6-ти кат, ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност.

2. „ Институт за научни истражувања Алгоритам " од точката 1 од ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука како **приватна научна установа** под регистарски број **70**.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување

## О б р а з л о ж е н и е

Приватна научна установа „Институт за научни истражувања Алгоритам " со седиште во Скопје до Министерството за образование и наука поднесе барање бр.15-8351/1 од 02.09.2020 година за запишување на горенаведениот институтот во Регистарот на субјекти кои вршат научно-истражувачка дејност.

Комисијата за утврдување на исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност, формирана од министерот за образование и наука со Решение бр.15-2609/1 од 13.02.2020 година, на ден 18.09..2020 направи увид, опремата, просторот, документацијата и другите акти на Институтот.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата на Министерството надлежно за работите на науката поднесе извештај бр.15-8351/2 од 29.10.2020 година со кој се констатира дека приватната научна установа „Институт за научни истражувања Алгоритам" ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, согласно членовите 18 и 53 став 3 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16).

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕРКА

Мила Царовска

Подготвил: м-р инж. Рамиз Суљејмани
Контролирал: м-р Светлана Пинева
Согласен: Ељван Хасановиќ